**С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**11.11.2021 год.** **Бр.XVII**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 2-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 10.11.2021 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 2-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 10.11.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1180/1 од 11.11.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 2-та седница, одржана на 10.11.2021 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 1-та Констутутивна седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 01.11.2021 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1146/3 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 45 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 29 а, 29 б, 29 в, 29 г, 29 д, од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија (“Сл.весник на Р.М. “ бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010; 11/2012; 145/12; 170/13; 139/14 и 233/18) и член 21 став 1 точка 50, член 53 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.11.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
***за определување на надоместоците на членовите на Советот на Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува надоместокот на членовите на Советот на Општина Крушево што ќе го примаат за учество во работата на Советот, како и надоместокот за патните и дневните трошоци.

**Член 2**

На членовите на Советот на Општина Крушево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седница на Советот во висина од 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

**Член 3**

На претсетадателот на Советот на Општина Крушево, за раководењето и организирањето на работата на советот надоместокот од член 2 се зголемува за 30 %.

**Член 4**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30 % за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница .

**Член 5**

Надоместокот за патните и дневните трошоци за службени патувања во земјата и странство се утврдува според прописите кои се однесуваат на Државните службеници вработени во општинската администрација на општина Крушево.

**Член 6**

Средствата за исплата на надоместоците утврдени со оваа Одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Крушево.

**Член 7**

Со влегување во сила на оваа Одлука престануваат да важат одлуките бр.08-913/4 од 03.11.2017 година.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/4 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 10, 11, 12 и 17в. од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија (“Сл.весник на Р.М. “ бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010; 11/2012; 145/12; 170/13; 139/14 и 233/18), и член 53 став 3 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево***

1. На Градоначалникот на Општина Крушево **ТОМЕ ХРИСТОСКИ**, да му се исплати плата во бруто износ од 72.238,00 денари.

2. Во месечната бруто плата од точка 1 на ова Решение ќе се врши зголемување врз основа на минат труд и тоа за 0,5% за секоја навршена година работен стаж;

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува од 25.10.2021 година;

4. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Крушево, одделението за финансиски прашања и Архива на Општина Крушево;

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на Република Македонија.

***О б р а з л о ж н и е***

Решението е донесено врз основа на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката Македонија (“Сл.весник на Р.М. “ бр.36/90; 44/90; 38/91; 23/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 42/2010; 97/2010; 11/2012; 145/12; 170/13; 139/14 и 233/18) и е утврден коефициент од 2,7 x 26.755,00 =72.238,00 денари. Платата ќе се зголемува за пресметан минат труд од 0,5%, за секоја навршена година работен стаж.

**Бр.08-1146/5 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 40, 41 став 1 алинеја 2 и член 54 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 133 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој**

1. За претседател и членови на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, се избираат:

**-Александра Тирчоска, претседател;**
**- Андреј Николоски, член;**
**- Хибрахим Хурем, член;**
**- Сашо Дамјаноски, член;**
**- Методија Котески, член;**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за финасирање, буџет и локален економски развој, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/6 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 134 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам и комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

1. За претседател и членови на комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина, се избираат:

- **Андреј Николоски,** претседател;
- **Хибрахим Хурем,** член;
- **Абип Рушитоски,** член;
- **Сашо Дамјаноски,** член;
- **Влатко Стојаноски,** член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/7 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 4 и член 55 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 135г. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за општествени дејности**

1. За претседател и членови на комисијата за општествени дејности, се избираат:

- **Костадина Стојаноска**, претседател;
- **Абип Рушитоски,** член;
- **Фросина Николоска**, член;
- **Методија Котески**, член;
- **Љуљзин Адеми**, член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за општествени дејности, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/8 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 5 и член 56 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 135 д. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за статут и прописи**

1. За претседател и членови на комисијата за статут и прописи, се избираат:
-**Андреј Николоски**, претседател;
- **Александра Тирчоска**, член;
- **Костадина Стојаноска**, член;
- **Влатко Стојаноски**, член;
- **Ејџан Исмаили**, член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за статут и прописи, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1146/9 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 6 и член 57 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 135ѓ. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за месна самоуправа**

1. За претседател и членови на комисијата за месна самоуправа, се избираат:
**- Хибрахим Хурем, претседател;**
**- Абип Рушитоски, член;**
**-Костадина Стојаноска, член;**
**- Љуљзин Адеми, член;**
**- Ејџан Исмаили, член;**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за месна самоуправа, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1146/10 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 7 и член 58 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 135е. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија**

1. За претседател и членови на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија, се избираат:
**- Александра Тирчоска, претседател;**
**- Андреј Николоски, член;**

**- Абип Рушитоски, член;**
**- Сашо Дамјаноски, член;**
**- Методија Котески, член;**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1146/11 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32, став 2, 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 40, 41 став 1 алинеја 8 и член 59 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20) и член 112, 115, 116 и 135ж. од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на комисијата за родова (полова) еднаквост (Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите)**

1. За претседател и членови на комисијата за родова (полова) еднаквост, се избираат:
**- Абип Рушитоски,** претседател;
**- Хибрахим Хурем,** член;
**- Александра Тирчоска,** член;
**- Ејџан Исмаили**, член;
**- Влатко Стојаноски**, член;

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за родова (полова) еднаквост, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1146/12 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 56 од Законот за локалната самоуправата (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 126 од законот за заштита на потрошувачите (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/04; 77/07; 103/08; 24/11; 164/13; 97/15; 152/15 и 140/18) и член 79, 80, 81, 82 и 83 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на членови на Советот за заштита на потрошувачите**

1. За членови на Советот за заштита на потрошувачите, се избираат:
**- Михаил Оџаклиески**, член;
**- Ресеторан „ШАПЕ” Крушево,** член;
**- Марко Хаџи Ѓаку,** член;
**- Наташа Ѓоргиеска Анчов,** член;
**- Ванчу Наумоски**, член;
**- ДООЕЛ „СТИВ ИМПЕКС” Крушево,** член;
**- ДООЕЛ „АС-ТАРА” Крушево,** член;

2. Мандатот на членовите на Советот за заштита на потрошувачите, ќе трае 4 години.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.
**Бр.08-1146/13 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 27 од Законот за семејство ("Сл.весник на Р.М" бр.80/92; 9/96; 38/04; 33/06; 84/08; 67/10; 156/10; 39/12; 44/12; 38/14; 115/14; 138/14; 153/14; 104/15; 150/15; 122/18; 51/21 и 53/21) член 21, став 1, точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седница одржана на 10.11.2021 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за определување на Советници при склучување на бракови***

1. За претставници при склучување на бракови се определуваат сите советници во состав на Советот на Општина Крушево и тоа:
- Андреј Николоски,
- Александра Тирчоска,
- Хибрахим Хурем,
- Фросина Николоска,
- Абип Рушитоски,
- Костадина Стојаноска,
- Сашо Дамјаноски,
- Влатко Стојаноски,
- Ејџан Исмаили,
- Методија Котески,
- Љуљзин Адеми,

**Член 2**

2. Мандатот на советниците како претставници при склучување на бракови трае колку и мандатот на членовите на Советот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, до Министерство за Правда-Управа за водење матични книги-Крушево и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/14 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) член 40, 41 став 3 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14 и 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 10.11.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на претседател и членови на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Крушево**

1. За претседател и членови на комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Крушево, се избираат:
- **Александра Тирчоска,** претседател;
- **Андреј Николоски,** член;
- **Костадина Стојаноска,** член;
- **Методија Котески,** член;
- **Влатко Стојаноски,** член;

2. Мандатот на членовите на комисијата, ќе трае до изработката на Програмата и нејзиното усвојување од страна на Советот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

4.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните и Архивата на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/15 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 74 од Сататутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево објавува:

**Ј А В Е Н  П О В И К**
***за доставување на предлози за членови на Комисијата за односи меѓу заедниците***

Согласно одредбите од Статутот на Општина Крушево, се повикуваат политичките партии застапени во Општина Крушево, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на јавниот повик, да достават предлози за членови на Комисијата за односи меѓу заедниците.

Своите предлози да ги достават до Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

За членови на Комсијата можат да се предложат лица кои ги исполнуваат следните услови: да биде државјанин на Република Македонија; со постојано место на живеење во општината и лице кое што не е осудувано со правосилна судска Одлука со казна затвор во траење од над 3 (три) години.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања ќе ги разгледа доставените предлози и ќе состави предлог за членови на комисијата кој ќе го достави до Советот на Општина Крушево.

**Бр.08-1146/16 од 10.11.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Андреј Николоски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на Р.М." бр.5/2002), член 24 а. став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.Весник на Р.М." бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Сл.весник на Р.С.М" бр.275/19) и член 62 став 1 точка 9 и 16 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 14/2016, 7/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево**

1. За ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево, СЕ ИМЕНУВА СТАНКА ЕФРЕМОВА ТРАЈКОСКА од Крушево, ул."Мише Ефтим" бр.51А., дипломиран Правник.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор по распишан конкурс, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ЈП „Комуна" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Крушево со решение бр.04-481/1 од 21.04.2021 година, ја именува за ВД директор на ЈП „Комуна" Крушево, Станка Ефремова Трајкоска. На 21.10.2021 година и истече мандатот за кој беше именувана.

Согласно член 24а. ства 5 од Законот за јавните претпријатија, Градоначалникот на Општина Крушево именува ВД директор на ЈП"Комуна" Крушево со мандат не подолго од 6 (шест) месеци.

Согласно горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-481/2 од 22.10.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 2-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 1-та конститутивна седница на Советот на Општина Крушево ............................. 1
3. Одлука за определување на надоместоците на членовите на Советот на Општина Крушево ........................................ 1
4. Решение за исплата на плата на Градоначалникот на Општина Крушево … 2
5. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој ..................... 2
6. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за урбанизам и комунални дејности и заштита на животната средина … 3
7. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за општествени дејности …… 3

8. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за статут и прописи ........... 4
9. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за месна самоуправа ......... 4
10. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија .......................... 4
11. Решение за избор на претседател и членови на комисијата за родова (полова) еднаквост (Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите) .................... 5
12. Решение за избор на членови на Советот за заштита на потрошувачите .............. 5
13. Решение за определување на Советници при склучување на бракови .................... 6
14. Решение за избор на претседател и членови на комисија за изработка на програма за работа на Советот на Општина Крушево ........................................... 6
15. Јавен повик за доставување на предлози за членови на комисијата за односи меѓу зедниците ..................................... 7
16. Решение за именување на ВД Директор на ЈП “Комуна” Крушево ....................... 7

Редакциски одбор на Општина Крушево.